**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2016 ГОДИНА



## ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Врховниот суд на Република Македонија во извештајната 2016 година функционирал со само 18 до 20 судии, вклучително и Претседателот на судот, од причина што во периодот од 2014/2015 година пензионирани се 4 судии и тие места не се пополнети, вклучително и двете судиски места кои мируваат за членот на Судски совет на Република Македонија и судијата на Уставниот суд, како и долгото отсуство на еден судија од здравствени причини.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Врховниот суд ја остварува во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и специјализиран совет во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот.

Својата надлежност за воедначување на судската пракса, Врховниот суд ја остварува на Општа седница преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд. Исто така, воедначувањето на судската пракса се реализира и следи и преку Одделот за судска практика

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања.

Остварувајќи ја законски утврдената обврска во текот на 2016 година судиите на Врховниот суд на Република Македонија учествувале во телата на Академијата за судии и јавни обвинители како едукатори и како учесници во континуираната едукација и во телата на Академијата.

Согласно Судскиот деловник за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски

систем за управување со судските предмети во судовите, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија формира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите кое одговара пред Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и е од постојан карактер и во постојано заседание, а со него раководи судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Во Врховниот суд на Република Македонија согласно Законот за судска служба функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административна поддршка на Советот.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во одделите и специјализираниот совет дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот.

Во Годишниот извештај за 2016 година прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

Согласно Законот за судовите во Врховниот суд на Република Македонија е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за судските информатички тела.

## 2. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Врховниот суд на Република Македонија во **2016** година постапувал по вкупно **4.318** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Останати нерешени предмети од претходната година биле **1.798,** а новопримени биле **2.520** од кои во текот на годината биле решени **2.374** предмет, а останале нерешени **1.944** предмети.

## 3. СУДСКА УПРАВА

### 3.1. ПРЕТСТАВКИ, ПРЕДЛОЗИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на **2016** година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **237** претставки заведени во уписникот **УПП** - Уписник за претставки и предлози.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот **УПП**, **111** се барања за побрзо решавање на предметите, а **126** се разни други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно примените **111** барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил **31**, одбил **36**, додека пак за останатите, се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот апелационен суд.

Од вкупно доставените поднесоци, заведени во уписникот **УПП**, евидентирани се **20** поднесоци на Народниот правобранител, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и други податоци.

По доставените поднесоци по разни основи, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

Остаток од 2 предмети што се водат во графата како нерешени предмети од Судската управа е од уписникот за Јавни набавки, заради роковите во постапката за јавни набавки.

| Област | Судска управа | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Евиденции во судска управа | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Предмети од судска управа | 0 | 2156 | 1 | 2155 | 2153 | 2 |
| Вкупно - вид на предмет | 0 | 2156 | 1 | 2155 | 2153 | 2 |
| Вид на предмет | Преставки и поплаки | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Слободен пристап до информации | 2 | 22 | 1 | 23 | 22 | 1 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 237 | 0 | 237 | 237 | 0 |
| Вкупно - вид на предмет | 2 | 259 | 1 | 260 | 259 | 1 |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |

### 3.2. УПИСНИК СУ- ИЗЗ / 2016

-вкупен број на поднесени барања за иземање; **83**
-број на поднесени барања од странки за иземање на судија; **2**
-број на поднесени барања од странки за иземање на претседател на понизок суд; **1**
-број на поднесени барања од судија на ВСРМ за иемање на судија; **79**
-број на барања за иземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; **1**.

## 4. ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

## 4.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

### 1. СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА РАБОТАТА ПО ПРЕДМЕТИТЕ

Во текот на извештајната **2016** година новопримени се **625** предмети или вкупно во работа биле **966** предмети по сите основи, во кој број се содржани и **341** предмет останати од декември месец **2015** година.

Во текот на извештајната година судиите решиле **590** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **376** предмети по сите основи.

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во **2015** година е даден во табела 1.

**Табела 1**

| вид на предмети | Останати од XII месец 2015 | Примени во 2016 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | - | 39 | 39 | 39 | - |
| ВКЖ2 | 2 | 9 | 11 | 3 | 8 |
| КВП1 | 150 | 152 | 302 | 136 | 166 |
| КВП2 | 69 | 71 | 140 | 51 | 89 |
| Квп-КОК1-Квп | 5 | 4 | 9 | 5 | 4 |
| Квп-КОК2-Квп | 31 | 15 | 46 | 16 | 30 |
| ВУК | 29 | 163 | 192 | 168 | 24 |
| КЗЗ | 41 | 43 | 84 | 48 | 36 |
| КР | 14 | 129 | 143 | 124 | 19 |
| **ВКУПНО** | **341** | **625** | **966** | **590** | **376** |

Остатокот од вкупно нерешени предмети на крајот на 2016 година, воглавно се должи на фактот што најголем број од истите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, **поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Македонија.**

**Воедно, остатокот од вкупно нерешени предмети се должи на низа објективни околности, меѓу кои особено недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници.**

Судиите од Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија во 2016 година решиле вкупно 136 **КВП1** предмети, **КВП2** 51 предмет, **Квп.КОК1** 5 предмети, **Квп.КОК2** 16 предмети, така што вкупно **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** се **208** предмети.

## 2. СТРУКТУРА НА РЕШЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ПО ВИДОТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 208 предмети, е следна:

**Глава XIV Од Кривичниот законик - Кривични дела против животот и телото**
35 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;
1 предмет за кривично дело – Убиство на миг – **член 125**;
7 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
15 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;

**Глава XV Од Кривичниот законик - Кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот**
1 предмет за кривично дело – Присилба – **член 139**
1 предмет за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
1 предмет за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
4 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;

**Глава XVI Од Кривичниот законик - Кривични дела против изборите и гласањето**
1 предмет за кривично дело – Спречување на избори и гласање – **член 158**;
Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – **КР** е следна:
95 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
3 предмети – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
15 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**
1 предмет – **Прекршок од Закон за метеорологија**
2 предмети – **Прекршок од Закон за игрите на среќа и забавните игри**
1 предмет – **Прекршок од Закон за заштита од пушењето**
2 предмети – **Прекршок од Закон за возил**

**Глава XIX Од Кривичниот законик - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**
9 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
15 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
2 предмети за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189**;
1 предмет за кривично дело – Задоволување на полови страсти пред друг – **член 190**;
1 предмет за кривично дело – Прикажување на порнографски материјал на малолетник – **член 193**;

**Глава XX Од Кривичниот законик - Кривични дела против бракот, семејството и младината**
1 предмет за кривично дело – Напуштање немоќно дете – **член 200**;
2 предмети за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201**;

**Глава XXI Од Кривичниот законик - Кривични дела против здравјето на луѓето**
62 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
2 предмети за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето – **член 217;**

**Глава XXIII Од Кривичниот законик - Кривични дела против имотот**
7 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
1 предмет за кривично дело – Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас - **член 235-а**;
33 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
28 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
2 предмети за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238**;
1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи права – **член 244**;
2 предмети за кривично дело – Бесправно градење **член 244-а**;
27 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
3 предмети за кривично дело – Измама при добивање на кредит или друга поволност – **член 249;**
2 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – **член 251**;
1 предмет за кривично дело – **член 251-б**;
1 предмет за кривично дело дело – Предизвикување стечај со несовесно работење – **член 255**;
1 предмет за кривично дело – Оштетување или повластување на доверители – **член 257**;
5 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;

**Глава XXV Од Кривичниот законик - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**
1 предмет за кривично дело - Фалсификување пари – **член 268**;
3 предмети за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273**;
3 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
8 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;
1 предмет за кривично дело – Фалсификување или уништување деловни книги – **член 280**;
2 предмети за кривичо дело – Неовластена употреба на туѓа фирма – **член 285**;

**Глава XXVI Од Кривичниот законик - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**
4 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
4 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**Глава XXVII Од Кривичниот законик - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**
16 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**Глава XXVIII Од Кривичниот законик - Кривични дела против државата**
1 предмет за кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации – **член 322а**

**Глава XXX Од Кривичниот законик - Кривични дела против службената должност**

1 предмет за кривично дело – Повреда на чување на државна граница – **член 337**;
16 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
16 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в**;
1 предмет за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
5 предмети за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;

**Глава XXXI Од Кривичниот законик - Кривични дела против правосудството**

1 предмет за кривично дело – Лажно пријавување на кривично дело – **член 366;**
2 предмети за кривично дело – Давање лажен исказ – **член 367;**

**Глава XXXII Од Кривичниот законик - Кривични дела против правниот сообраќај**

4 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
1 предмет за кривично дело – Употреба на исправа со невистината содржина – **член 380;**

**Глава XXXIII Од Кривичниот законик - Кривични дела против јавниот ред**

1 предмет за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
3 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
1 предмет за кривично дело – Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие – **член 384**;
13 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
32 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
1 предмет за кривично дело – Терористичка организација – **член 394-а**;
1 предмет за кривично дело – Тероризам – **член 394-б**;
20 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**Глава XXXIV Од Кривичниот законик - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

9 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
3 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
6 предмети за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д**;
3 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;
1 предмет за кривично дело – Земање заложници – **член 421**;

Од вкупно решени 208 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

Од вкупно решените 208 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во табела 2.

**Табела 2**

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 7 лица | Со 8 лица | Со 11 лица | Со 18 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КВП1** | 124 | 10 | 1 | 1 | | | | | **136** |
| **КВП2** | 42 | 7 | 2 | | | | | | **51** |
| **КВП-КОК1** | 3 | 2 | | | | | | | **5** |
| **КВП-КОК2** | 6 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | **16** |
| **Вкупно** | **175** | **21** | **5** | **2** | **1** | **2** | **1** | **1** | **208** |

**Табела 3**

| судови | КВП1, КВП2 | | КВП-КОК1 | | КВП-КОК2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | решени | нерешени | решени | нерешени | решени | нерешени |
| *Апелационен суд Скопје* | 111 | 120 | 5 | 4 | 16 | 30 |
| Апелационен суд Битола | 25 | 42 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Штип | 24 | 39 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Гостивар | 27 | 54 | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 187 | 255 | 5 | 4 | 16 | 30 |
| | | | 9 | | 46 | |

## 3. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДБИЕНИ, УВАЖЕНИ, ПРЕИНАЧЕНИ И ОТФРЛЕНИ БАРАЊА ПО СИТЕ ОСНОВИ

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во табела бр. 4.

**Табела 4**

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 25 | 13 | - | 1 | 39 | - |
| ВКЖ2 | 1 | 1 | 1 | - | 3 | 8 |
| КВП1 | 74 | 6 | 3 | 53 | 136 | 166 |
| КВП2 | 38 | 5 | - | 8 | 51 | 89 |
| ВУК | 155 | 11 | 2 | - | 168 | 24 |
| КЗЗ | 4 | 43 | - | 1 | 48 | 36 |
| КР | 4 | 18 | 73 | 29 | 124 | 19 |
| Квп.КОК1.Квп | 4 | - | - | 1 | 5 | 4 |
| Квп.КОК2.Квп | 15 | 1 | - | - | 16 | 30 |
| ВКУПНО | 320 | 98 | 79 | 93 | 590 | 376 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е следната:

- од вкупно решените 48 барања, одбиени се 4 како неосновани. Од уважените: нема укината само првостепена пресуда, во 1 предмет е укината само второстепена пресуда, во 16 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 21 предмет е констатирана повреда на КЗ, ослободителни пресуди нема, во 5 предмети е преиначена одлуката, во 1 предмет е отфрлено барањето, а нерешени предмети останале вкупно 36.

По апелациони подрачја состојбата е следна: 47 предмети од Апелациониот суд Скопје, 9 предмети од Апелациониот суд Битола, 9 предмети од Апелациониот суд Штип и 13 предмети од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало 34 предмети, со 2 лица 9 предмети, со 3 лица 4 предмети, со 4 лица 1 предмет.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во следната табела.

**ВКЖ1- жалби на решенија на притвор**

| Број на примени предмети | Отфрлени | Одбиени | *Уважени* | Вкупно решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 2016 година | | | | | |
| 39 | 1 | 25 | 13 | 39 | - |

**ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| Број на примени предмети | Останати од 12 месец 2015 година | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 2016 година | | | | | | | |
| 9 | 2 | - | 1 | 1 | 1 | 3 | 8 |

Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2016 година се 39 предмети, во 25 предмет жалбата е одбиена како неоснована, во 13 предмети уважени се жалбите и во 1 предмет жалбата е отфрлена, според што се решени сите 39 предмети.

По жалба по пресуди во трет степен примени се во 2016 година 9 предмети, од кои 1 предмет е одбиен, 1 предмет е уважен, 1 предмет решен на друг начин. Нерешени останале 8 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2015 година останале нерешени 29 предмети, новопримени во 2016 година се 163 предмети, вкупно во работа биле 192 предмети од кои решени се 168 предмет, а останале нерешени 24 предмет. По видот на одлуката: 155 предмети се одбиени, 11 уважени, нема отфрлени предмети, а на друг начин 2 предмети.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2015 година останале нерешени 14 предмети, новопримени во 2016 година се 129 предмети, вкупно во работа биле 143 предмети, од кои решени се 124 предмети, а останале нерешени 19 предмети. По видот на одлуката : 4 предмети се одбиени, 18 предмети се уважени, 29 предмети се отфрлени, 73 предмети на друг начин, а останале нерешени 19 предмети.

**4.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ОСНОВИ И ПО ПРЕДМЕТИ**

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција е следната:

- во 2016 година, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки, кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

## 4.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

### 1.ОБЕМ НА РАБОТА

Од бројчаните показатели **за 2016** година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **2.511** предмети, од кои **1.241** нерешени предмети останати од 2015 година, а новодојдени предмети се **1.270**. Во споредба со 2015 година кога биле примени **1.451** предмети, приливот на нови предмети во 2016 година е намален за **181** предмети.

Во извештајната година решени се **1.281 предмети**, а нерешени предмети останале **1.230**. Споредено со 2015 година кога се решени **1.440** предмети, во извештајната година решени се **159** предмети помалку.

Споредено со 2015 година, кога останале 1.241 нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2016 година изнесува **1230**, и е намален за **11** предмети.

Во 2016 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2016 година примени се вкупно **1270** предмети а решени се вкупно **1281** предмети, со што заостатокот е намален за **11** предмети.

### 2.НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ

### 2.1.Постапка по ревизија

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **2.511** кои биле во работа во 2016 година по ревизија биле **2.268** предмети, односно **90,32%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.044** предмети, односно **46,03%.**

**Вкупно предмети во работа во 2016**

| | Остаток од 2015 | Дојдени 2016 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Рев** | 1228 | 1040 | 2268 | 1044 | 1224 |
| **Р** | 13 | 230 | 243 | 237 | 6 |
| **Вкупно** | 1241 | 1270 | 2511 | 1281 | 1230 |

**Дојдени и решени предмети во 2015 и 2016**

| | Остаток | | дојдени | | Вкупно | | решени | | недорешени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 |
| **Рев** | 1228 | 1224 | 1248 | 1040 | 2477 | 2268 | 1248 | 1044 | 1228 | 1224 |
| **Р** | 13 | 6 | 203 | 230 | 205 | 243 | 192 | 237 | 13 | 6 |
| **Вкупно** | 1241 | 1230 | 1451 | 1270 | 2682 | 2511 | 1440 | 1281 | 1241 | 1230 |

Од решените **1.044** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **530** односно **50,8%**, преправени **72** односно **6,9 %**, укинати **129** односно **12,3%**, отфрлени **312** односно **29,9%** и на друг начин решени се **1** односно **0,1 %.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60 %**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%,** во 2012 година година **47,6%,** во 2013 година **58,70%,** во 2014 година **58,30%**, во 2015 година **58,17%** и во 2016 година **50,8%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2016 година, споредбено со претходната година, е намален за **7,4%**.

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиените ревизии во 2016 година,** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје,** од вкупно **579** решени ревизии, **311** ревизии биле одбиени како неосновани или **53,8 %**;
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **235** предмети, **129** ревизии биле одбиени како неосновани или **54,9%**;
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **74** предмети, **44** ревизии биле одбиени како неосновани или **59,5%**,
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **148** предмети, **46** ревизии биле одбиени како неосновани или **31,1%**;

**Начин на решавање на предметите по ревизија - 2016 година**

| судови | отфрлени | одбиени | преправени | укинати | на друг начин | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 147 | 311 | 50 | 70 | 1 | 579 |
| Битола | 74 | 129 | 14 | 18 | | 235 |
| Штип | 14 | 44 | 4 | 12 | | 74 |
| Гостивар | 69 | 46 | 4 | 29 | | 148 |
| Управен | 8 | | | | | 8 |
| ВКУПНО | 312 | 530 | 72 | 129 | 1 | 1044 |

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49 одлуки** или **4,4%**, во 2004 година **31** или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%,** во 2012 година **66** или **4,6%,** во 2013 година **118** или **6,33%,** во 2014 година **117** или **6,47%,** во 2015 година **108** или **7,5%** и во 2016 година преправени **72** одлуки или **6,90%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е намалемено за **0,6%** споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со преиначени одлуки во 2016 година,** е следна:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **579** решени ревизии, биле преиначени **50** или **8,6**%**;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **235** решени ревизии, биле преиначени **14** или **5,9%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **74** решени ревизии, преиначени се **4** ревизии или **5,4%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **148** решени ревизии, преиначени се **4** ревизии или **2,7%**.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со укинати одлуки во 2016 година,** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **579** предмети, **70** се укинати или **12,1%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **235** предмети, **18** се укинати или **7,7%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **74** предмети, **12** се укинати или **16,2%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **148** предмети, **29** се укинати или **19,6%.**

Состојбата на апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии во 2016 година,** е следна:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **579** предмети, **147** се отфрлени или **25,5%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **235** предмети, **74** се отфрлени или **31,5%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **74** предмети, **14** се отфрлени или **18,9%**
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **148** предмети, **69** се отфрлени или **46,6%.** и
- **Управен суд 8** предмети,

**2.2.Останати постапки**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно **243** предмети и од овие решени се **237** предмети, или **97,5%**, а останале нерешени **6** или **2,5%**.

**3. СТРУКТУРА НА ПРЕДМЕТИТЕ**

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2016 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на **надомест на штета - 275** предмети или **26,3%,** потоа по основ **долг - 243** предмети или **23,2**%, **работни спорови - 134** предмети или **12,9%,** за **сопственост и владение -118** предмети или **11,3%,** за **стечај - 91** предмети или **8,8%, поништување и раскинување на договор - 69** предмети или **6,6%, други спорови - 53** предмети или **5,1%,** за **неосновано збогатување - 41** или **3,9%**, за **издршка и развод на брак** - **20** предмети или **1,9%.**

Споредбено со претходната година, во 2016 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: по основот поништување и раскинување на договор кој е процентуално намален, односно во 2015 година биле решени 131 предмети или 10,49%, а во 2016 година 69 предмети или 6,60%, по основот работни спорови бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во 2015 година биле решени 194 предмети односно 15,54%, а во 2016 година 134 предмети односно 12,83%, по основот сопственост и владение, бројот на решени предмети процентуално е ист, односно во 2015 година биле решени 139 предмети или 11,13%, а во 2016 година 118 предмети односно 11,30%, по основот долг бројот процентуално е зголемен, односно во 2015 година биле решени 283 предмети односно 19,07%, а во 2016 година 243 предмети односно 23,27%. По другите основи не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2015 година.

## 4. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Во 2016 година од вкупно решени **1.281** предмети, траењето на постапката од **1 до 3 години** била кај **786** предмети, **од 8 месеци до 1 година** кај **132** предмети, **од 6 до 8 месеци** кај **18** предмети, **од 3 до 6 месеци** била кај **41** предмети, **од 2 до 3 месеци** кај **85** предмети, **од 1 до 2 месеци** кај **97** предмети, **до 1 месец** траела постапката кај **122** предмети. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување. Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, намалување на бројот на судиите во Одделот за граѓански дела поради непополнети судиски места, испразнети поради пензионирање и распоредување на судиите во работа во другите оддели, отсуство на еден судија од работа поради боледување, со очекување состојбата значително да се подобри во наредната година, ако се има во предвид дека со распоредот за работа од 26.09.2016 година во овој Оддел беа распоредени тројца ново избрани судии.

**Дојдени предмети по месеци-2016 година**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Рев** | 143 | 133 | **94** | **118** | **73** | | **51** | **33** | **112** | **116** | **107** | 62 | 1040 |
| **Р.** | 20 | 15 | 10 | 13 | 10 | 1 | **54** | 7 | 25 | 8 | 58 | 9 | 230 |
| **Вкупно** | **163** | **148** | **104** | **131** | **83** | **1** | **105** | **40** | **137** | **124** | **165** | **71** | **1270** |

**Решени предмети по месеци-2016 година**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Рев** | 50 | 92 | **131** | **128** | **62** | **8** | 53 | 8 | **66** | 134 | 139 | 173 | 1044 |
| **Р** | 7 | 21 | 18 | 16 | 4 | 1 | 6 | 3 | 66 | 25 | 57 | 13 | 237 |
| **Вкупно** | **57** | **113** | **149** | **144** | **66** | **9** | **59** | **11** | **132** | **159** | **196** | **186** | **1281** |

## 4.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

### 1. ОБЕМ НА РАБОТА НА ОДДЕЛОТ

Во текот на **2016** година, Одделот за судење во разумен рок во работа имал вкупно **818** предмети (во двата степени на одлучување), од кои:
**633** предмети или **77,3 %** во прв степен и
**185** предмети или **22,6 %** во втор степен.

Од вкупно **818** предмети во работа во Одделот **нерешени од претходниот извештаен период** (во двата степени на одлучување) се вкупно **213** предмети или **26 %** од кои:
**202** предмети или **94,8 %** во прв степен и
**11** предмети или **5,1 %** во втор степен,
**Новопримени** се вкупно **605** предмети или **74 %** од кои:
**431** предмети или **71,2 %** во прв степен и
**174** предмети или **28,7 %** во втор степен ;

**Од вкупниот број 818 предемети во работа во Одделот, во текот на 2016 година, вкупно се решени 490 предмети или 60 %, од кои**:
**326** предмети или **66,5%** во прв степен,
**164** предмети или **33,4%** во втор степен.

**Од вкупно решени 490 предмети во Одделот во 2016 година:**
Во вкупно **266** предмети или **54,2 %** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е одбиено** како неосновано, од кои:
**161** предмети или **60.5 %** во прв степен и
**105** предмети или **39,4%** во втор степен,

Во вкупно **170** предмети или **34,6 %**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е усвоено**, од кои:
**120** предмети или **70,5 %** во прв степен и
**50** предмети или **29,4 %** во втор степен.

Во вкупно **54** предмети или **11 %**, барањето барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е отфрлено**, од кои:
**45** предмети или **83,3 %** во прв степен и
**9** предмети или **16,6 %** во втор степен.

**Вкупно 328 предмети или 40 % од вкупниот број 818 предемети во работа во Одделот, останале нерешени од кои**:
**307** предмети или **93,5 %** во прв степен и
**21** предмети или **56,4 %** во втор степен.

### 2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на **2016** година, пред првостепениот совет вкупно во работа имало **633** предмети или **77,3%**, од вкупно **818 предмети во Одделот,** од кои:
Од вкупно **633** предмети во работа пред првостепениот совет, **202** предмети или **32%,** се **предмети кои останале нерешени од 2015** година, од кои:
**99** предмети или **49 %,** од граѓанска материја,
**74** предмети или **36,6%** од управна материја и

**29** предмети или **14,3 %** од кривична материја

Од вкупно **633** предмети во работа пред првостепениот совет, **новопримени** се вкупно **431** предмети или **68%**, од кои:
**227** предмети или **52,6 %** од граѓанска материја;
**147** предмети или **34,1 %** од управна материја и
**57** предмети или **13,2 %** од кривична материја.

Во **2016** година од вкупниот број од **633** предмети во работа пред првостепениот совет:
**326** предмети или **51,5 %**, од граѓанската материја
**221** предмети или **34,9%** од управна материја и
**86** предмети или **13,5%** од кривична материја.

Во **2016** година **вкупно се решени 326** предмети или **51,5 %**, од кои:
**204** предмети или **62,5 %** се од граѓанска материја,
**84** предмети или **25,7 %** се од управна материја и
**38** предмети или **11,6 %** се од кривична материја.

Од вкупно **307 незавршени предмети на крајот на 2016** година или **48,5 %,** од кои :
**122** предмети или **39,7%** од граѓанската материја,
**137** предмети или **44,6 %** од управна материја,
**48** предмети или **15,6 %** од кривична материја.

### 3. ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

**Од вкупно 326** решени предмети или **51,5%**, од вкупно **633** предмети во работа пред првостепениот совет:

**Во 120** предмети барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено,** односно **36,8%.**

**Во 161** предмет барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **одбиено како неосновано,** односно **49,3%.**

**Во 45** предмети барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено** односно **12,4%.**

**Од вкупно 120** предмети решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено**:
**59** предмети или **49,1%**, од граѓанската материја,
**40** предмет или **33,3%** од управна материја,
**21** предмет или **17,5%** од кривична материја.

**Од вкупно 161** предмет решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **одбиено** како неосновано:
**113** предмети или **70,1 %, се од** граѓанската материја,
**10** предмети или **6,2 %, се од** кривична материја,
**38** предмети или **32,6% се** од управна материја.

**Од вкупно 45** предмети решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено**:
**32** предмети или **71%**, се од граѓанската материја,
**7** предмети или **15,5** %,се од кривична материја,
**6** предмети или **13,3 %**,се од управна материја.

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет и параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период, покажуваат дека за разлика од претходните години, преовладува бројот на решени предмети со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок со **49,3%.**

**4. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТОТ**

Од вкупно во работа **633** предмети, **во прв степен решени се 326** предмети, во кои времетраењето на постапување на првостепениот совет, по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**Од вкупно решените 326 предмети**
- во период **до 1 месец** решен е **1** предмет од управна материја или **0,30 %,**
- во период **од 1 до 2 месеци** решени се вкупно **16** предмет или **4,9 %,** од кои:
- **8** предмет или **50 %** се од граѓанската материја
- **6** предмети или **37,5 %**, се од управната материја
- **2** предмети или **12,5 %** од кривичната материја,
- во период **од 2 до 3 месеци** решени се вкупно **25** предмети или **7,6 %,** од кои:
- **15** предмети или **60 %** се од граѓанската материја
- **4** предмети или **16 %** се од управната материја
- **6** предмети или **24 %** се од кривичната материја,
- во период **од 3 до 6 месеци,** решени се вкупно **105** предмети или **32,2 %,** од кои:
- **64** предмети или **61 %** се од граѓанската материја
- **30** предмети или **28,5 %** се од управната материја
- **11** предмети или **10,5 %** се од кривичната материја.
- за период **подолг од 6 месеци**, решени се **179** предмети или **54,9 %**, од кои:
- **117** предмети или **65,4 %** се од граѓанската материја,
- **43** предмети или **24 %** од управната материја,
- **19** предмети или **10,6 %** од кривичната материја.
- Останати за работа во **2017** се вкупно **307** предмети или **48,5%**, од кои:
- **122** предмети или **39,7%** се од граѓанската материја
- **137** предмети или **44,6 %**од управната материја
- **48** предмети или **15,6 %**,од кривичната материја.

**5. ОБЕМ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Во текот на **2016** година, пред второстепениот жалбен совет вкупно во работа имало **185** предмети или **22.6%** од вкупниот број **818** предмети во Одделот, од кои:
**11** предмети или **5,9 % останале** нерешени од претходниот извештаен период
**174** предмети или **94% се новопримени предмети** во извештајната **2016**

**6. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ**

Во текот на **2016** година **вкупно се решени 164** предмети или **88,6%**, од кои:
во **105** предмети или **64%** – жалбата е одбиена како неоснована,
во **50** предмети или **30,5 %,** - жалбата е усвоена и
во **9** предмети или **5,5%** – жалбата е отфрлена,

Од вкупно **185** предмети во работа, **21** предмети или **11,4 %** - останале **нерешени.**

Анализата на вкупниот број решени предмети во второстепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно **105** предмети односно **64 %.**

### 7. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

Од вкупниот број од **185** предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, решени се вкупно **164** предмети,
за период до **1 месец** постапката е завршена во **78** предмети или **47,5%, ,**
за период од **1 до 2 месец**и постапката е завршена во **40** редмети или **24,3%,**
за период од **2 до 3 месеци** постапката е завршена во **17** предмети или **10,3%**,
за период од **3 до 6 месеци** постапката е завршена во **24** предмети или **14.6%,**
за период од **над 6 месеци** постапката е завршена во **5** предмети или **3,0%,**
Од вкупно **185** предмети во работа, нерешени останале **21** предмет или **11,4%.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред ВСРМ е неконзистентен со праксата на ЕСЧП.

### 8. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО МЕСЕЦИ ВО ОДДЕЛОТ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК ЗА 2016 ГОДИНА

**Вкупниот бројот на решени предмети на месечно ниво во Одделот**, како и одделно за двата степени на одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, **изразен во проценти**, изнесува:

Во месец **јануари 2016** година, во Одделот вкупно се решени **31** предмет или **6.3%,** од кои:
Во прв степен вкупно се решени **26** предмети или **83,8%**, од кои:
- **7** предмети од управна материја или **57,7%**
-**15** предмети од граѓанската материја или **27%,**
- **4** предмети од кривична материја или **15,3%**.
Во втор степен вкупно се решени **5** предмети или **16,1%**.

Во месец **февруари 2016** година, во Одделот вкупно се решени **45** предмети или **9.1 %**, од кои:
Во прв степен вкупно се решени **25** предмети или **55,5 %**, од кои:
**-14** предмети од граѓанската материја или **56%,**
**-4** предмети од управна материја или **16%**
**-7** предмети од кривична материја или **28%**,
Во втор степен вкупно се решени **20** предмети или **44,4%**.

Во месец **март 2016** година, во Одделот вкупно се решени **65** предмети или **13,2 %**, од кои:
Во прв степен вкупно се решени **48** предмети или **73%**, од кои:
-**28** предмети од граѓанската материја или **58,4%,**
**-13** предмети од управна материја или **27%**,
**-7** предмети од кривична материја **14.6%**.
Во втор степен вкупно се решени **17** предмети или **26,1%**.

Во месец **април 2016** година во Одделот вкупно се решени **42** предмети или **8,5%,** од кои:
Во прв степен вкупно се решени **30** предмети или **71,5 %** од кои
- **20** предмети од граѓанската материја или **66,7 %,**
- **8** предмети од управна материја или **27,7 %,**
- **2** предмети од кривична материја или **6,6%,**
Во втор степен вкупно се решени **12** предмети или **28,5%.**

Во месец **мај 2016** година во Одделот вкупно се решени **12** предмети во прв степен или **100 %,** од кои:
**8** предмети од граѓанската материја или **66,6%,**
**3** предмети од кривична материја **25%,**
**1** предмети од управна материја **8,33,**

Во месец **јуни 2015** година во Одделот вкупно се решени **19** предмети или **4,8%**, од кои :
Во прв степен вкупно се решени **4** предмети или **21%**, од кои
**2** предмети од граѓанската материја или **50%,**
**1** предмети од кривична материја или **25%,**
**1** предмети од управна материја или **25%,**
Во втор степен вкупно се решени **15** предмети **или 79%.**

Во месец **јули 2016** година во Одделот вкупно се решени **23** предмети или **4.6%,** од кои :
Во прв степен вкупно се решени **20** предмети или **87 %**, од кои
**11** предмети од граѓанската материја или **55%,**
**9** предмети од управна материја или **45%**,
Во втор степен вкупно се решени **3** предмети или **13 %**.

Во месец **септември 2016** година во Одделот вкупно се решени **18** предмети или **3,6%,** од кои :
Во прв степен вкупно се решени **5** предмети или **27,7%**, од кои
**2** предмети од граѓанската материја или **40%** ,
**3** предмети од управна материја или **60%,**
Во втор степен вкупно се решени **13** предмети или **72,2%**.

Во месец **октомври 2016** година во Одделот вкупно се решени **85** предмети или **17.3%**, од кои:
Во прв степен вкупно се решени **69** предмети или **81%**, од кои
**50** предмети од граѓанската материја или **73%,**
**8** предмети од кривична материја или **11,6%,**
**11** предмети од управна материја или **16 %,**
Во втор степен вкупно се решени **16** предмети или **19%**.

Во месец **ноември 2016** година во Одделот вкупно се решени **80** предмети или **16,3 %,** од кои:
Во прв степен вкупно се решени **45** предмети или **56,3%**, од кои
- **28** предмети од граѓанската материја или **62,3 %,**
**- 3** предмети од кривична материја или **6,6%,**
**- 14** предмети од управна материја или **31,1%,**
Во втор степен вкупно се решени **35** предмети или **43,7%** .

Во месец **декември 2016** година во Одделот вкупно се решени **70** предмети или **14,2%,** од кои:
Во прв степен вкупно се решени **42** предмети или **60%,** од кои
- 26 предмети од граѓанската материја или **26%**,
- 3 предмети од кривична материја или **7,1%,**
- 13 предмети од управна материја или **31%,**
Во втор степен вкупно се решени **28** предмети или **40%.**

**9. ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК**

Од вкупно решените **490 предмети од кои 326** предмети во прв степен и **164** предмети во втор степен во жалбената постапка, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2016** година, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во првостепениот совет** е **120.000,00** денари, а **минимално** досудениот износ **во првостепениот совет** е **3.000,00** денари. Додека пак, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во второстепениот** совет изнесува **100.000,00** денари, а **минималниот** износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **5.000,00** денари.

Од вкупно решени **490** предмети по кои е одлучувано во **2016** година и е донесена правосилна одлука со определен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во **прв степен** досуден е правичен надоместок во вкупен износ од **3.032.900.00** денари, а во **втор степен** износ од **901.850,00** денари или во двата степени на одлучување вкупен износ од **3.934.750,00** денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци во постапката по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

## 4.5. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

**Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2016 година во однос на остварувањето на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување и следење на судската практика во Република Македонија изготви План и Програма за работа за 2016 година.**

Во реализација на планот и програмата, Одделот во текот на 2016 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта на единствена примена на законите во Република Македонија, учествуваше во подготовка на нацрт начелните ставови и начелни правни мислења и ги евидентираше истите, изврши селекција, евидентција и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области, по доставени известувања и ex officio, изврши проверка дали определени одлуки се во согласност со правните стојалишта изразени во некоја поранешна или истовремена одлука и ја следеше и ја проучуваше судската пракса на пониските судови и на Врховниот суд на Република Македонија.

**I. Во врска со обезбедување на хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика**, односно остварување на основната цел – обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика во текот на 2016 година ги следеше општите правни сваќања и општите стојалишта за осигурување на единствена примена на законот, ја следеше примената на Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија, практиката на Европскиот суд за човекови права, колективните договори и другите подзаконски акти и нивните измени и дополнувања во одлуките на судовите.

**II. Во рамките на своето редовно работење**, Одделот за судска практика и во текот на 2016 година учествуваше во подготовка на предлог (нацрт) начелни ставови и начелни правни мислења на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, правни мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенци на советите како и евидентирање на начелните ставови и начелните правни мислања од општата седница, правните мислења и сентенци прифатени на седница на одделите, на заедничките седници на оддели или на седница на судии и нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика;

**III. Одделот за судска практика во текот на 2016 година изврши селектирање, евидентирање и систематизирање на одлуките од правна важност** (значајни одлуки) по правни области за нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика. Исто така, во 2016 година, со присутво на судење во советите се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Македонија и заради воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која постои во Одделот за судска практика, како и во АКМИС програмата преку писарниците и ИТ центарот на Врховниот суд на Република Македонија.

**IV. Одделот за судска практика во текот на 2016 година исто така ја следеше и проучуваше судската практика на пониските судови**, преку бројни доставени одлуки по одредени правни прашања. За дел од овие, доставени се известувања до судовите, а дел се обработени со реферати за разгледување на соодветниот оддел во судот во зависност од областа на која истите се однесуваат.

**V. Одделот за судска практика во 2016 година согласно планот и програмата изготви Билтен за 2015 година.**

**VI. Во текот на 2016 година, Одделот постапуваше по вкупно 27 барања од субјекти** кои се однесуваат на разлики во примена на законите, воедначување на судската практика, како и барања од Министерството за правда – Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП, а во врска со судската практика и предметите кои против Република Македонија се водат во ЕСЧП во Стразбур.

**VII. Одделот за судска практика во текот на 2016 година континуирано учествуваше во имплементација на проектите кои се однесуваат на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судската практика: Проект „ИПА 2010“** (финансиран од Европската Унија) – Понатамошна подршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и подобрување на пробациска служба и алтернативните мерки, како и надградбата на WEB страната која е спроведувана преку проектот Web Content Management – EAR Supply of equipment for the judiciary institutions, односно дизајнирање на модерно решение за веб портал, чиј изведувач е Едусофт Скопје и Ултра доо Скопје. Покрај во наведените проекти, Одделот за судска практика во 2016 година активно учествуваше во проектот „Поддршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“ - организиран од Центарот за правни истражувања и анализи преку Амбасадата на Велика Британија, кое учество продолжува и во наредниот период.

**1. Одделот за судска практика преку „ИПА 2010 Проектот“ во текот на 2016 година** учествуваше во развивање на систем за стратешко планирање на Врховниот суд на Република Македонија за постигнување на резултати за подобрена методологија на стратешко планирање. Овој проект заврши во 2016 година, но со своите активности даде допринос во работењето на Одделот. Во рамките на проектот беше организиран студиски престој во Литванија.

**2.** По однос на проектот ***„Поддршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“*** - организиран од Центарот за правни истражувања и анализи во рамки на проектот ***„Подобрување на квалитетот на правдата во Македонија преку градење на капацитети на судии и мониторирање на судските реформи“*** со поддршка од Амбасадата на Велика Британија, Одделот за судска практика заедно со ЦПИА во текот на 2016 година започна со анализата за Унифицирана судска пракса која претставува проценка на тоа до кој степен е развиена судската пракса во Македонија која беше изработена од еминентни експерти од Лондон (Лорд Робин Аулд) и Данска (поранешен адвокат и судија Петер Ѓортлер) и остварени се средби и советувања. Овој проект ќе продолжи и во 2017 година.

**VIII. Преку Одделот за судска практика, Врховниот суд на Република Македонија е вклучен во мрежата Superior Courts Network преку која се остварува комуникација со Европскиот суд за човекови права во Стразбург за определени правни прашања.**

**IX. По барање на Одделот за судска практика, заради следење и проучување на одлуките Европскиот суд за човекови права во Стразбур поставен е линк на web страната на Врховниот суд – Регионалната датабаза на Европската судска пракса http://www.ehrdatabase.org/Index**

**X. Преку Одделот за судска практика воспоставена е и соработка со правната ревија Правоматика, со цел правната јавност да се информира и запознае со најновите проблеми во правната легислатива, судската практиката и правната теорија.**

## 5. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2016** година има одржано 9 **Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2015 година.
- На проширена општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2015 година.
- На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2015 година.
- Претседателот на судот прибави мислење од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите во Врховниот суд на РМ за 2015 година.
- Општата седница расправаше и одлучи по 3 (три) Барања за заштита на законитоста.
- Општата седница одлучи по 16 (шеснаесет) приговори на судии против одлуки за распоред за работа на Претседатели од пониските судови.
- Формирани се Совети за одлучување по 2 (две) жалби, изјавени против решенија за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

## 6. СЕДНИЦА НА ОДДЕЛ

### 6.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Одделот за казниви дела во текот на 2016 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали и информации од Министерството за правда и други институции, како и по прашања поднесени од основните и апелационите судови.

**На ден 01.03.2016 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледан и усвоен Годишниот извештај на Одделот за 2015 година.

На одржаните седници донесени се неколку заклучоци по одредени правни прашања.

### 6.2. ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во текот на 2016 година Одделот за граѓански дела, одржа **5 седници.** На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се утврдени правни мислења и заклучоци. Одделот за граѓански дела во текот на 2016 година расправаше и по реферати изработени од судиите во одделот, утврди **6 правни мислења** како и **3 сентенци**.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како членови на органите на Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за

редовното работење на Одделот, а воедно остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови.

**6.3.ОДДЕЛ ЗА РАЗУМЕН РОК**

Одделот за разумен рок во текот на извештајната година одржал неколку седници на оддел, на кои е расправано по повеќе правни прашања и се усвоени 10 заклучоци.

**7. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Во организација на Врховниот суд на Република Македонија и Здружението на судии на Република Македонија, во соработка со CEELI Institute Prague и со поддршка на Амбасадата на САД во Република Македонија, се одржа Прва меѓународна судска конференција во Охрид, на тема „Независно судство“. На конференцијата присуствуваа претседатели и судии на Врховни судови, Здруженија на судии, судии од судската мрежа CEELI Institute Prague на земјите учеснички од регионот и пошироко, како и претставници на CEELI Institute Prague и Амбасадата на САД во Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија на Правниот факултет-Скопје одржа промоција на „Брионската изјава за начелата на независност на судството“, организирана со поддршка на CEELI INSTITUTE Prague и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Меѓународни посети на Претседателот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија:**

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права, во Стразбур. Во рамки на свеченоста беше одржан семинар на тема „Соочувањето  на меѓународниот и националните судови со високиот степен на прекршување на човековите права“со две подтеми – “Геноцид, воени злосторства, злосторства против човештвото” и “Тероризмот”.
- Делегација на Врховниот суд на Република Македонија оствари посета на Врховниот суд на Република Албанија, во рамки на која учествуваше и на тркалезна маса на тема „Регионална соработка во кривичната материја“.
- Учество на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на Третиот Форум за владеење на правото за Југоисточна Европа, организиран од страна на AIRE Центарот и Бранители на човековите права, во Сараево, со цел промоција на имплементацијата на Европската конвенција за човекови права во регионот, зајакнување на регионалната соработка преку континуиран развој на владеењето на правото и човековите права, како и  унапредување на процесите на ЕУ интеграцијата во регионот.
- На покана на Претседателот на Врховниот народен суд на НР Кина, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Меѓународна конференција на Претседатели на Врховни судови на Кина и Централна и Источна Европа на тема „Судството во глобалното информатичко доба“, во Кина, во рамки на која се оствари билатерална средба помеѓу Претседателите на Врховните судови на Народна Република Кина и Република Македонија.
- Во Белград, Република Србија, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Конференција на Претседатели на Врховни судови на Централна и Источна Европа, организирана од страна на

Врховниот касационен суд на Република Србија со подршка на Институтот ЦЕЕЛИ.

- Остварена е работна посета на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во Лондон и Кардиф, Велика Британија, организирана во рамки на ИПА 2010 проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и подобрување на пробациската служба и алтернативните мерки".

- Учество на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на Конференција на Претседатели на Врховни судови на земји членки на Европската унија и земји кандидати за членки на ЕУ на тема „Улогата на Врховните судови во креирање на судската пракса", одржана во Будва, Црна Гора.

- Делегација на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Врховниот суд на Република Србија присуствуваше на Традиционалното годишно советување на судиите на Република Србија.

- Остварена е работна посета на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во Вилнус, Литванија, организирана во рамки на ИПА 2010 проектот „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки".

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 04 до 06 декември 2016 година учествуваше на семинар на високо ниво за „Меѓународна судска пракса за Биоетика", организиран од страна на Генералниот директорат за човекови права и владеење на правото при Советот на Европа, во Стразбур, Франција.

**Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:**

- По барање на Амбасадата на Народна Република Кина во Република Македонија остварена е средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со неговата Екселенција Амбасадорот Вен Џеншун на Н.Р. Кина во Република Македонија *.*

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари средба со претставници на делегацијата на Венецијанската комисија, по повод давање мислење за Законот за заштита на приватноста и Законот за заштита на укажувачите.

- Остварена средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со судијата Марк Оклтон од Судискот колеџ од Лондон, во рамки на активностите на проектот „Подршка за воспоставување на унифицирана судска пракса", поддржан од Британската амбасада во Република Македонија.

- Делегација на Врховниот суд на Република Македонија одржа протоколарна средба со Делегација на Уставниот суд на Република Албанија, во рамки на меѓународната соработка која Уставниот суд на Република Македонија ја остварува со Уставниот суд на Република Албанија.

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија одржа работна средба со претставници на твининг проектот, во состав од Кристина Лице, претставник од Латвија пред Европскиот суд за човекови права, Сандра Коумена, нејзин заменик и Винета Крутко, постојан твининг советник, Министерство за правда на Република Лавија.

- Остварена работна средба со Н.Е. Џес Л. Бејли, Амбасадор на САД во Република Македонија.

- Остварена работна средба со Н.Е. Аиво Орав, Шеф на Делегацијата на Европската комисија на Европската Унија.

- Остварена средба со Шефот на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, Амбасадорот Самоил Жбогар.

- Амбасадорот Самоил Жбогар, Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија официјално го врачи Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2016 година на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија

За овие активности објавени се соопштенија за јавноста на web страната на Врховниот суд на Република Македонија.

## 8. РАБОТНО ТЕЛО ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ВО СУДОВИТЕ

Во текот на 2016 година, Работното тело за стандардизација на постапките во судовите одржа 2 седници, и тоа на ден 28.03.2016 година и на ден 03.10.2016 година, со кои претседаваше судија Снежана Ѓорѓиеска Зекирија.

На седницата одржана на ден 28.03.2016 година, на дневниот ред биле разгледани 6 барања, од кои 1 барање било решено, а останатите биле одложени заради потреба од дополнително разгледување и произнесување по барањата.

На седницата одржана на ден 03.10.2016 година, на дневниот ред биле разгледани 12 барања, од кои 11 барања биле решени, 1 заклучок бил донесен и 1 барање било одложено поради потреба од дополнително разгледување и произнесување по барањето.

## 9. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРМ и дел за судовите на РМ и ССРМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови на РМ. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРМ.

Во Врховниот суд на Република Македонија во функција се следниве кориснички апликации со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web страна.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Врховниот суд на РМ.
- Систем за електронска пошта
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РМ
- Сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РМ, наменет за сите судови на РМ

IT инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ во текот на 2015 година ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација, учество и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РМ и Судски совет на РМ од областа на ІКТ како што следи:
    - Хостирање на Web страните и е-маил сандачињата на сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Одржување и годишна софтвер претплата на централизираниот систем за заштита на базите на податоци во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Обнова на лиценци за интегриран софтверски пакет за целосна антивирусна и антиспам заштита на ІКТ опремата во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Потрошен материјал, тонери, траки, хартија, канцелариски материјали и сл за потребите на Врховен суд на РМ.

- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРМ и дел за сите судови на РМ, во сите нивни фази на примена:
    - Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
    - Согледување на евентуални потреби од надгрдба и подобрувања
    - Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
    - Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
    - Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

- Учество во активностите за преземање на базата за казнена евиденција од Министерството за внатрешни работи во надлежност на судовите на РМ согласно законската регулатива.

- Учество во воспоставување на безбедносна комуникација помеѓу Врховниот суд на РМ и Централен регистар на РМ со цел размена на потребните податоци за стечајни управници

- Учество во реализација на хардверско-софтверска инсталација и конфигурација на новата опрема набавена во рамките на ИПА 2010 проектот финансиран од Европска унија за да се овожможи високо достапен, лесно надградлив, стабилен и безбеден “Систем за електронска достава на судски документи“ како и припрема за реализација на новиот

судски портал со нови Web страни за сите судови на РМ и Судски совет на РМ следејќи ги моменталните технологии за Web презентација и колаборација:

- Учество во Работна група предводена од Министерство за правда со цел изработка на ИКТ стратегија за реформа на македонскиот правосуден сектор.

- Учество на работни состаноци и реализирани средби со странски експерти во организација на Секторот за ЕУ за констатирање на моменталната состојба и потребите на судовите на РМ кои се планира да се реализираат во рамките на идните ИПА проекти финансирани од Европска унија.

- Учество во Работна група предводена од Министерство за информатичко општество и администрација за изработка на Македонски стандарди за квалитет на податоци.

- Изготвување на работни процедури од областа на ИКТ во рамките на ИСО сертификација на Врховниот суд на РМ.

- Примање на нова ИКТ опрема од страна на донаторот ТИКА, нејзино евидентирање, соодветно конфигурирање и воведување во работа.

- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РМ и ССРМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот IT кадар во судовите на РМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен IT кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ.

- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ, а наменети се за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.

- Секојдневно извршување и контролирање на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.

- Секојдневно мониторирање на системските логови за дојава на грешки на сите физички и виртуелни сервери сместени во Центарот за информатика на Врховен суд на РМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.

- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.

- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.

- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРМ со одделенијата за информатика на судовите во РМ и ССРМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со

централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.

- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на IT (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.

- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на IT инженерите од Центарот за информатика на ВСРМ и сл.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1. Врховниот суд на Република Македонија во 2016 година** постапувал по вкупно **4.318** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Останати нерешени предмети од претходната година биле **1.798,** а новопримени биле **2.520** од кои во текот на годината биле решени **2.374** предмет, а останале нерешени **1.944** предмети. Приливот не е совладан за 146 предмети.

За ваквата состојба значително придонесе намалениот судиски состав во подолг временски период, во однос на уставната и законските надлежности на Врховниот суд на Република Македонија, има големо влијание на ефикасноста на Врховниот суд на Република македонија.

Во текот на извештајната година се вложени напори за обезбедување ефикасно постапување и организациските мерки со Распоредот за работа со кој судиите учествувале во повеќе совети и материи, сепак судот не го совлада приливот за 61 предмет.

За да се обезбедат услови за непречено и ефикасно работење на Врховниот суд на Република Македонија, неопходно е благовремено и соодветно пополнување на судскиот состав.

**2. Во Одделот за казниви дела** во текот на извештајната 2016 година, новопримени биле 625 предмети, односно вкупно во работа по сите основи биле 966 предмети, од кои се решени 590 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 376 предмети по сите основи. Приливот не е совладан за 35 предмети.

Бројот на нерешените предмети се должи на низа објективни фактори, меѓу кои и зголемениот број на предметите, особено во областа на организираниот криминал и тоа сложени, обемни предмети, со голем број на осудени лица, кои бараат значителни напори, како и подолг временски период за нивно ефикасно совладување.

Причините во врска со природата и карактерот на предметите кои влијаат на временскиот период за нивно одлучување, се рефлектираат и на времетраењето на постапката за добивање мислење од јавното обвинителство на Република Македонија.

На вкупниот број на нерешени предмети, секако има влијание и фактот што дел од истите во судот се примени на крајот од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија подолг период се соочува со недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници. Овие објективни околности претставуваат оправдани и релевантни причини кои директно влијаат на нарушување на принципот на ажурност. Меѓутоа, и покрај вака поставените, односно намалени човечки ресурси, со добра организација во однос на распоредот за работа и активна соработка на сите чинители во процесот, Одделот за казниви дела квалитетно ја заврши извештајната година.

Судиите и судските советници од Одделот во текот на извештајната 2016 година, имаа одлична соработка со раководителот на дактилобирото и со сите дактилографи кои стрпливо, стручно, навремено и технички уредно ги изработуваат сите видови одлуки и други материјали што беа изготвени од судиите и советниците.

**3. Во Одделот за граѓански дела**, во извештајниот период, споредбено со претходната година, приливот на предмети е намален за **181** предмети.

Во споредба со 2015 година поради нецелосна судиска екипираност, решени се 159 предмети помалку, но и покрај тоа приливот е совладан во целост а заостатокот намален за 11 предмети.

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и покрај тоа што во Одделот за граѓански дела бројот на судиите беше намален во однос на претходната 2015 година, одделни судии и виши судски соработници постапуваа по предмети и од друга материја а еден од судиите во овој оддел подолг период е отсутен поради боледување.

**4. Во одделот за судење во разумен рок** причина за пречекорување на рокот од **6 месеци** како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Македонија е главно недоставувањето на списи на предметите на кои се однесува барањето. Ова особено е случај со предметите од управна материја, каде списите на предметот на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се наоѓаат кај органот кој постапува. Оттука, произлегува големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок и во тие рамки задоцнето произнесување на судиите кои постапуваат по предметите, за редоследот на превземените процесни дејствија.

Во овој контекст, недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Македонија ќе се наметнува пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се однесува на активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не се чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Не можноста, во сите случаи да се почитува рокот од **6 месеци** за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досегашните извештајни години – периоди и била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Имено, со законската рамка од **6 (шест) месеци** и несоздавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно да се воведат механизми за решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долготo постапување на Врховниот суд на Република Македонија, па дури и да се доведе во прашање и ефикасноста на правното средство.

Фактите кои го детерминираат овој проблем, односно неможноста Врховниот суд на Република Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од **6 (шест) месеци** за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекст на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд.

Повторно се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел овој суд да може да ги запази роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство.

Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Ова, од причина што и податоците од овој вид се од значење за одржување на ефикасноста на правното средство.

**5. Врховниот суд на Република Македонија** согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија.

**6. Со оглед на улогата и значењето на судската администрација во Врховниот суд на Република Македонија**, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за подобрување на статусот на судските службеници со подобрување на законските решенија преку обезбедување на можности за напредување и наградување.

**7. Да се продолжи со активноста за добивање на документ за предавање на зградата на користење на Врховниот суд на Република Македонија** од страна на Министерството за правда, бидејќи истото претставува пречка за решавање на проблемот со фасадата на Врховниот суд на Република Македонија, што ја загрозува безбедноста на вработените и странките, а за што во континуитет се известуваат надлежните институции.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**